Врз основа на член 4 и член 5 од Законот за Царинската тарифа (,,Службен весник на Република Македонија,,број 23/03, 69/04, 10/08 и 17/08), Владата на Република Македонија на седницата одржана на ---- , донесе

# О Д Л У К А

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ И МЕНУВАЊЕ НА ЦАРИНСКАТА ТАРИФА ЗА 2008 ГОДИНА

**Член 1**

Во Одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2008 година (,,Службен весник на РМ ,, број 148/07), во Царинската тарифа која е составен дел на оваа одлука, во ОДДЕЛ V, Глава 27, во тарифниот број 2710, тарифен подброј 2710 19 --Друго:, по тарифниот став со тарифната ознака ,,2710 19 35 00", по расчленувањето,, -----За други намени :,,тарифниот став со тарифната ознака 2710 19 41 00 ------Со содржина на сулфур што не надминува 0,05% по маса...20...кг ", се заменува со три тарифни става со тарифни ознаки, наименување, царинска давачка и единечна мерка, кои гласат:

„

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - - - - - -Со содржина на сулфур што не надминува 0,05% по маса: | | |
| 2710 19 41 10 | - - - - - - -Со содржина на сулфур што не надминува 0,001% по маса........................................................... | сл | кг |
| 2710 19 41 30 | - - - - - - - Со содржина на сулфур што надминува 0,001% по маса, но не надминува 0,005% по маса......................... | 20 | кг |
| 2710 19 41 90 | - - - - - - - Друго.............................................................. | 20 | кг |

***Член 2***

Во ОДДЕЛ VII, Глава 39, во тарифниот број 3926, тарифен подброј 3926 90 -Друго,во тарифниот став со тарифна ознака ,,3926 90 97 10 - - - - - Калапи за обувки,, во колоната за царинската давачка, бројот ,,5,, се заменува со кратенката ,,сл,,.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**Бр. ----------------/1**

**--- Јануари 2008 година**
**Скопје**

**Претседател на Владата**
**на Република Македонија,**
м-р Никола Груевски